До: Државен испитен центар, Ул. Васил Ѓоргов б.б. 1000, Скопје
Од: Матеј Алексовски, Ул. Струма бр. 1 2/2 1000, Скопје, matejmatej024@gmail.com

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4, член 12, а во врска со член 14 и 15 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер: **Да ми се достави записник, заклучоци, напатствија, информации за постапување во однос на државната матура кои се донесени на денешниот состанок одржан во просториите Државниот испитен центар на ден 03.06.**2024 година. Каква е моменталната фактичка состојба во врска со државната матура ? Кои се следните чекори кои ќе ги преземе Државниот испитен центар во врска со пробиениот тест по Македонски јазик и литература ? Врз основа на кои критериум оценувачите на ДИЦ ќе се водат за да утврдат евентуално препишување ? Како ќе се постапи во случаевите кога е констатирано препишување ? Дали ќе има санкции против учениците кои препишувале, доколку има од кои вид ќе бидат тие ? Доколку се констатираат пропусти кај тестаторите, дали ќе бидат казнети или санкционирани ? На кој начин ке бидат санкционирани и врз основа на кој законски акт ? Дали има простор за кривична одговорност на инволвираните во процесот на тестирање ? **Дали ДИЦ ќе поднесе кривична пријава до ОЈО Скопје во врска со пробиениот тест по Македонски јазик ?** Доколку ДИЦ поднесе кривична пријава врз основа на кој член од Кривичниот законик ќе ја поднесе ? Дали ДИЦ ќе оформи комиси ?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **(г) електронски запис**
- д) друго

Начин на кој барателот го доставува барањето:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **(г) е-маил**
- д) друго

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер. Врз основа на член 21 ст. 1 имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на Барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето. По исклучок на член 21 ст.1 рокот за одговор може да биде продолжен врз основа на член 22 ст.1 и 2 до 30 дена.

**Потпис**

**Скопје, 03.06.2024**

**(доколку барањето се поднесува во хартиена форма )**